Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

Бр.08-1504/6
21-02-2023.2023 година

**Записник од одржан состанок на Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје**

На ден **21.02.2023 година**, во **12.00 часот**, во просториите на Општина Кисела Вода, се одржа состанок од страна на Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје, формирана со Одлука бр.09-646/8 од 31 Јануари 2023 година од страна на Советот на Општина Кисела Вода, а во врска со Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје.

Јавниот повик беше објавен на ден 08.02.2023 година на веб страната на Општина Кисела Вода и на веб страната на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје, со рок на пријавување до 17.02.2023 година.

На состанокот Комисијата го констатираше следново:

На јавниот повик се пријавени вкупно 5 кандидати чии документи нема да се земат на разгледување од објективна причина бидејќи нема да се изврши избор поради недоволен број на поднесени Пријави на јавниот повик за именување на членови на управен/надозрен одбор.

**Комисијата дава Предлог на Градоначалникот на Општина Кисела Вода да ја повтори постапката во целост и повторно да се објави Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во управен одбор и надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ Скопје.**

Комисијата со допис/известување ќе ги врати документите на кандидатите кои аплицирале по Јавниот Повик, и истите по повторување на постапката можат повторно да конкурираат.

**КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА**
**Игорче Арсовски – претеседател на Комисија** ______________
**Милена Ѓоргиевска – член на Комисија** ______________
**Снежана Лазаревска – член на Комисија** ______________